Врз основа на чл.14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите на Република Македонија(Службен весник бр.6/2012,166/2014) , чл. 36 ,став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Лозово (“Службен гласник на Општина Лозово” бр. 05/02) и член 131 од Деловникот на Советот на Општина Лозово.

Советот на Општина Лозово на седницата одржана на 12.12.2022 година, донесе:

# ПРОГРАМА
# за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година

## I.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ОПШТИНАТА

Општина Лозово се наоѓа во Централниот дел на Република Македонија. Низ нејзиното централно место Лозово, кое е и седиште на општината поминува експресниот пат од Велес за Штип, како и железничката линија во истиот смер.

Територијата на Општина Лозово зафаќа површина од 16.500 ха и се вбројува во помалите просторни целини како општина. Карактеристика на општината е што се одликува со поретка населеност, односно просечна густина на населеност 17,5 жители на км$^2$ (17,5 ж/100 ха).

Во општината има 11 населени места, вклучувајќи го и седиштето Лозово и тоа: Дорфулија, Каратманово, Милино, Коселари, Сарамзалино, Аџиматово, Ѓуземелци, Кишино, Бекирлија, Аџибегово.

Во општина Лозово вкупно има 2264 жители од кои 1053 се жени и 1211 се мажи.

Во општинската администрација вработени се 20 лица од кои 10 се жени и 10 се мажи.

## II.ВОВЕД

Во составот на Општина Лозово формирана е Комисија за еднакви можности на жените и мажите како негово постојано тело. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во понатамошниот текст КЕМ) формирана е со цел да го промовира и имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е составена од пет членови од Советот на општината и координатор и заменик координатор од вработените во општинската администрација кои треба да ги спроведуваат активностите планирани во Програмата, како и изготвување на Извештај за реализираните активности за предходната година.

ПРОГРАМАТА за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година ги дефинира следните ОПШТИ ЦЕЛИ:

- Промоција на концептот и прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво;
- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво;
- Креирање на институционални услови за промоција и развивање на правата на жените и човековите права за нивно вклучување во

активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот;

- Промоција и развивање на правата на жените во областа на образованието и здраството;
- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво.

Задача на оваа **Предлог-ПРОГРАМА за работа на Комисијата за еднакви можностина жените и мажите за 2023 година** е вклучување на родовата переспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

# *П Р О Г Р А М А*

## *За работа на КЕМ за 2023 год*

| Период | Цели | Активности | Едукатор/организатор | Буџет на Општината |
|---|---|---|---|---|
| Јануари-Март 2023 год | Прогрес на родово еднаквост и недискриминација на локално ниво | -Организирање на трибина за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од законот за еднакви можности на жените и мажите | -КЕМ | 3 000,оо |
| Февруари-Март 2023 год. | -подигнување на свеста за јавно говорење за семенјното насилство и пријавување на истото | Организирање на трибина со јавно говорење од страна на жртви на семејно насилство | КЕМ/ЕЛС/Градоначалник | 3 000,оо денари |
| Март-Април 2023 год | -актуелизација на прашањето за репродуктивното здравие кај жените | Трибина ,,**Превенција,откривање и лекување на РАК на грло на матка”** | КЕМ/Спци.Гинеколог-акушер | 3 000,ооденари |
| Април-Мај 2023 год | Недоволно познавање во врска со поволностите околу користење на европските фондови на земјоделските стопанства каде менаџери се жени | -Организирање на трибини на тема ,,Жена земјоделец и менаџер,,<br><br>**-**Изработа и делење на флаер | КЕМ/ЕЛС/Градоначалник,Претставник од агенција за финансиска подржка | 2 000,ооденари |
| Јули-Октомври | -поттикнување за учество на жените | Организирање на спортски натпревари во | КЕМ/ЕЛС/Градоначалник | 5 000,оо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2023 год | и лицата со хендикеп во спортот и меѓусебно дружење | шах,пикадо,пинг-понг и логички квизови (еднодневно) | | |
| 2023година | -Доделување на парични средства на лицата жртви на семејно насилство | | КЕМ/ЕЛС/Градоначалник | 50 000,оо |
| 2023 год | -Доделување на средства на самохрани родители | Средствата може да бидат доделени како финансиска помош или како пакети со прехрамбени производи и производи за хигиена | КЕМ/Градоначалник | Програма за социјлана заштита |

Програмата е само предлог на КЕМ,се разбира сите активности кои ќе бидат дополнително предложени,а се реално остварливи,ќе бидат прифатени и реализирани со помош на Градоначалникот,ЕЛС,како и други субјекти кои се расположени за соработка,се со цел создавање
За реализација на оваа програма се обезбедат финансиски средства во износ од 66 000 денари од Буџетот на Општина Лозово за 2023 година.

**ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ:**

***Д а т а***
***12.12.2022 год.***

***Совет на Општина Лозово***
***Претседател на Совет***
***Владо Миланов***

***Изработил,***
***Анкица Анакиева***